# ОПШТИНА ИЛИНДЕН

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Закон за Локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и член 26 став 6 од Закон за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.51/2005, 137/2007, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11), Советот на Општина Илинден на седницата одржана на ден ___________година донесе:

**ОДЛУКА**

**за донесување на Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс Илинден, Блок 5, измена и дополна, Општина Илинден со плански период 2012-2022 Предлог план**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши донесување на Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс Илинден, Блок 5, измена и дополна, Општина Илинден со плански период 2012-2022 Предлог план.

**Член 2**

Планскиот опфат на Урбанистичкиот план зафаќа површина од 17,25 ха и се однесува за населено место Илинден.

Границата на планскиот опфат на Урбанистичкиот план се движи:

-северозапад - сообраќаен коридор на ул.1

-североисток - сообраќаен коридор на ул.1

-југоисток - граница на КП 165 КО Илинден

-југозапад - осовина на ул.3

Со Урбанистичкиот план вон населено место за Стопански комплекс Илинден, Блок 5, измена и дополна, Општина Илинден со плански период 2012-2022 Предлог план се предвидуваат следните класи на намени:

- Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија
- Д2 - Заштитно зеленило
- Е2 - Комунална супраструктура
- Е1 - Комунална инфраструктура

**Член 3**

Урбанистички план вон населено место за Стопански комплекс Илинден, Блок 5, измена и дополна, Општина Илинден со плански период 2012-2022 Предлог план со технички број У03-04/12 од 07.2012 изработен од Иванов Инженеринг и содржи документациона основа и планска документација со текстуален и графички дел.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е Извештајот од Јавна презентација, јавна анкета бр.10-884/24 од 15.06.2012 година.

**Член 5**

Урбанистичкиот план со сите негови делови се сотавен дел на оваа Одлука и истиот се чува и за негова реализација се грижи Општина Илинден - Одделение за урбанизам, комунални дејнсоти и заштита на животната средина.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен Гласник на Општина Илинден.

**Арх.бр.** 07-2097/5
**од** 21.08.2012 **год.**

**Совет на Општина Илинден**
**Претседател**
**м-р Марјан Милошевски**

Република Македонија
Совет на Општина Илинден
Општина Илинден